Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ИНТЕГРАЛНА ЦЕЛИНА ''ОСТРОВО'' НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина ''Острово'' на Општина Гази Баба за 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-9396/18**
**од 28 декември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ИНТЕГРАЛНА ЦЕЛИНА "ОСТРОВО" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА

**Декември, 2023 година**

**ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ИНТЕГРАЛНА ЦЕЛИНА “ОСТРОВО“ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

| Бр. | ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАТОРИ | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во месеци | | | | | | | во МКД |
| 1 | Доизработка на II фаза од Студијата за валоризација на заштитеното подрачје Интегрална целина “Острово“ | | 350,000.00 | | | | | | 350,000.00 |
| | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | 350,000.00 | | | | | | **350,000.00** |

Врз основа на член 22 став (1) точка 2 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 94 став (1) и член 95 став (3) од Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 27/14, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и шесттата седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ИНТЕГРАЛНА ЦЕЛИНА "ОСТРОВО" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА

1. За изработка на втора фаза од Студијата за валоризација на заштитеното подрачје Интегрална целина "Острово", се определуваат 350.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 01.01.2024 година.

**Број 09-9142/20**
**од 27 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**